**Очекувани исходи:** Подобрување на ИТ условите во училиштето, подобрување на ИТ компетенциите на наставниците и подобрување на состојбата со нагледна средства

**Задачи:**
- Снимање на актуелната состојба и потреби
- Аплицирање на проекти и прифаќање на донации од овој вид
- Одржување и зголемено користење на ИТ опремата во училиштето

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| - Прашалник до наставниците за неопоходната ИТ опрема<br>- Апликација на проекти<br>- Прифаќање на секоја донација во опрема и нејзино рационално распределување<br>-Креирање систем на одржување и подобрување на перформансите на постојната опрема | -Зголемен број на ИТ опрема и нејзино оптимално користење во насока на нагледни средства и подобрување на квалитетот на наставата | Наставници по информатика<br>Стручни соработници<br>Директор | Септември- јуни | Сопстеви средства на училиштето, МОН, Бизнис заедница, Оптина Битола | Директор<br>Стручна служба |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

| Задача | Критериум за успех | Инструменти | Индикатор за успешност | Одговорен за следење | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Реновирање на тоалетите во зградата на матичното училиште | Нови тоалети Тоалет за ученици со физичка попреченост | Проекти, Соработка со Општина Битола | Нови и употребливи тоалети | Директор, Пом. Директор, Јане Србиновски | Нови тоалети и водоводна и канализациска мрежа |
| Санација на скалата и промена на дограмата во ПУ с. Буково | Санирана или заменета скала | Изработено нацрт решение, барања, извештаи, апликации | Побезбедна за движење скала | Директор, Раководител на ПУ | Поголема безбедност во училиштето |
| Примена на АИ и ИКТ во наставата | Примана на АИ во креирање на планирања за работа на наставниците и примена на АИ во наставата | Број на креирани програми за редовна настава и воннаставни активности и креирани содржини со АИ | Број на креирани содржини со примена на АИ | Психолог, Педагог | Зголемен број на наставници и ученици што користат АИ вонаставата |
| Прифаќање на соработки со НВО и соодветни институции | Зголемен број на соработки за откривање и работа при меѓуврснички, кибер конфликти и девијантно однесување | Акти за откривање, пријавување и работа со ученици (жртви и агресори), и ученици со дивијантно однесување | Намелен број на пријавени и појавени конфликти и намалени случаи на дивијантно однесување | Директор Стручна служба | Успешно спроведени акти за откривање и постапување |
| Подобрување на ИТ структурата во училиштето | Подобрување на ИТ структурата на училиштето | Пректи, инвестиции, барања до МОН | Зголмеување на фондот на ИТ опрема | Директор Наставници по информатика | Соодветно користење на технологија според модерните текови |

# 8. Програма и организација на работата во основното училиште

## 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Оваа учебна година ќе започне на 1 септември 2025 година, според календарот за оваа учебна година објавен од МОН. Секако наставата во ОУ „Коле Канински“ ќе се планира и реализира според истиот.

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| Одделенска настава | | Предметна настава | |
|---|---|---|---|
| I- 1 | Николовска Македонка | VI- 1 | Баковска Весна |
| I- 2 | Димеска Жаклина | VI- 2 | Атанасовска Марина |
| I- 3 | Јанкуловска Милена | VI- 3 | Мирчевски Зоран |
| II- 1 | Ангелеска Наташа | VI- 4 | Стаменковиќ Силјановска Симона |
| II- 2 | Димовска Весна | VII- 1 | Ташевска Кристина |
| II- 3 | Павловска Лидија | VII- 2 | Кузманова Јованка |
| III- 1 | Цветковска Валентина | VII- 3 | Димитровски Иван |
| III- 2 | Богданоска Ирена | VII- 4 | Думевски Боби |
| III- 3 | Бојаџиева Татјана | VII- 5 | Петков Елена |
| IV- 1 | Стојковска Лилјана | VIII-1 | Пискачева Марија |
| IV- 2 | Стојановска Наташа | VIII-2 | Поповска Симонида |
| IV- 3 | Костадиновска Билјана | VIII-3 | Тасевска Наташа |
| V- 1 | Станковска Марина | VIII-4 | Здравевска Александра |
| V- 2 | Томевска Маја | IX- 1 | Богоевски Методиј |
| V- 3 | Маневска Билјана | IX- 2 | Тасевски Стефан |
| | | IX- 3 | Ѓоргиевски Михајло |
| | | IX- 4 | Лозановска Наташа |
| | | | |
| ПУ с. Буково | | | |
| II | Петковска Ангела | VI | Огненова Марина |
| III- IV | Катерина Каревска Димчевски | VII | Ј. Дамјановски Александра |
| V | Ирена Мацевска | VIII | Василевска Гаревска Наташа |
| | | IX | Гроздановски Тамара |
| ПУ Буковски Ливади | | | |
| I | Најдовска Јасмина | | |
| II- 1 | Михајловска Оливера | | |
| II- 2 | КостоваМагдалена | | |
| III | Стаменковиќ Татјана | | |
| IV | Николова Тања | | |
| V- 1 | Цивкаровска Бети | | |
| V- 2 | Петревска Магдалена | | |
| ПУ с. Поешево | | | |
| III- IV | Силјановски Наташа | | |

Распределбата на часовите по наставници е  делумно напревена за 2025/2026 година (не може да е целосна заради што има наставници вработени на определено работно време и наставници кои се ангажирани во повеќе училишта)

Распоред на часови е во подготовка, но неможе да бида финализиран заради нецелосно направената распределба на часови по наставници.

Распоред на часови за дополнителна и додатна настава дополнително ќе бидат доставени (но секако во законскиот рок- 15.09 само за наставниците што реализиараат настава во VIII и IX одделение) заради промените во распоредот и поврзаноста со него.

### 8.3. Работа во смени

Целото училиште работи во две смени (освен ПУ во с. Буково и ПУ с. Поешево каде наставата се реализира во една смена). Во едната смена се изведува настава за учениците од парните (II, IV, VI и VIII одделение), а во другата смена наставата за учениците од непарните (I, III, V, VII и IX одделение) одделенија. Единствено во матичното училиште заради неможност од просторни услови се поделени паралелките од прво одделение, две во смената со парните одделенија, и една паралелка со непарните одделенија.

Доколку нема некои поинакви насоки од МОН, учениците од парните одделенија учебната година ќе ја започнат претпладне, а од непарните одделенија попладене. Наставата ќе се реализира кабинетски, освен за VIII 4 одделение, каде има ученик со МКФ проценка, според која има проблем со мобилност, па реализацијата на наставата за ова одделение ќе се реализира во сутеренот, каде има пристапна рампа и услови за движење на овој ученик. За истото ќе се направи прилагодување во распоредот.

Исто така, според МКФ проценка, еден ученик (2 одделение) од централното училиште останува со образование во домашни услови.

### 8.4. Јазик на кој се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 47 | | | | |
| **Број на ученици** | | | | | |
| **Број на наставници** | | | | | |

### 8.5. Проширена програма и Дневен престој

Во ОУ „Коле Канински” се реализира проширена програма за прифаќање на учениците од I до III одделение еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставата. Програмата за истата ја доставуваат наставниците кои ќе реализиараат настава од I до III одделение пред почетокот на учебната година кај педагогот на училиштето.

Дел од целите на проширааната програма се:

- Раздвижување и правилен развој на телото
- Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност
- Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката
- Создавање работни и културно-хигиенски навики
- Развивање на медиумска култура
- Развивање на фантазијата и смисла за колористичко ликовно изразување
- Култивирање на граматичкиот и изразен говор
- Развивање интерес и љубов кон овој вид активности
- Оспособување за работа со компјутер
- Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност

- Создавање љубов кон музиката

Кои ќе се реализираат преку низа активности, целосно дадени во програмата.

Според член 40 алинеја 4 од Законот за основно образование се овозможува потребата за постоење на продолжен дневен престој за родителите кои што поради своите работни обврски се заинтересирани своите деца да ги згрижуваат во рамките на училиштето со оваа воспитно-образовна форма на работа.

Продолжен престој е наменет за учениците од од одделенска настава во основните училишта. Во склоп на продолжен престој се организира редовна исхрана на учениците, активно – пасивен одмор и рекреација, пред и после наставата, како и активно повторување на содржините и дополнување со нови знаења. Домашните задачи за учениците претставуваат продолжување на работата од часот и тоа е највисок степен на нивната самостојност во работата. Со пишувањето на домашните задачи тие утврдуваат знаења, вештини, навики и се развива чувство за одговорност кон работата и учењето, што придонесува во насока на подготовка за самообразование.

Поради комплексните задачи, цели, содржини и облици на работа во продолжениот престој има потреба од програмирање и планирање на содржината на работата. На тој начин ќе се истакне изборот на содржините кои ќе се реализираат, на кој начин ќе се реализираат, со какви средства, методи и техники на работа.

Продолжен престој е место каде што ученикот треба да ги извршува сите активности кои што ги извршува и дома. Затоа значењето на на продолжениот престој најубаво ќе се истакне ако се нарече втор дом на ученикот. Продолжен престој не е продолжен дел од наставата, но според содржините на работата во голем дел е поврзан со наставата и не ретко е и зависен во изборот на содржините за работа. Но, за да се оправда компарацијата на продолжен престој со домот, мора да се истакне дека тоа е место подеднакво и за учење и за игра и за забава, дружење и надградување и наградување на знаењата. Па, затоа поради овај збир од најразлични видови активности што се реализираат, важно е да се истакне дека продолжениот престој има педагошки, психолошки, социолошки и медицински карактер.

Од истата причина самото планирање на содржините налага на распределување на активностите според видот, пред се на:

1. **Работа со учениците;**
2. **Соработка со родителите;**
3. **Соработка со наставниците;**
4. **Соработка со директорот, педагогот, воспитно – образовните установи, Педагошкиот завод и други институции.**

Насочените и слободни активности што се дел од оваа програма целосно се дадени во програмата која ќе биде дадена пред почетокот на учебната година кај педагогот на училиштето од страна на наставниците кои ќе го реализираат дневниот (продолжен престој)

**8.6. Комбинирани паралелки**

- Во ПУ с. Буково  има 1 комбинирани паралелки од  III- IV одделение со 2 ученици во II одд. и 7 ученици во IV одд. под раководство на одделенскиот раководител  Катерина Каревска Димчевски.
- Во ПУ с. Поешево  има 1 комбинирана паралелка од  III- IV одделение со 2 ученици

### 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

На ниво на целото училиште задолжителен странски јазик е англиски јазик, а како втор изборен се нудат германскиот, францускиот, италијанскиот и рускиот, но бидејќи поголемиот дел од учениците се изјаснуваат за изучување на германскиот јазик, тој е втор јазик во училиштето. Оваа година проектот за Рано изучување на Германскиот јазик ќе се стави во мирување заради барањата на Концепцијата за основно образование.

- Англискиот јазик се изучува од 1 до 9 одделение во 47 паралелки со вкупно 753 ученици.
- Додека пак германскиот јазик како втор странски јазик се изучува од 6 до 9 одделение во 21 паралелки со вкупно 384 ученици




### 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Според промените што се направија за реализација на тандем настава по Физичко и здравствено образование, направена е распределба на часовите за учениците од прво до петто одделение, како што е наведено во планот и програмата на БРО.

### 8.9. Изборна настава

Изборот на изборни предмети се прави уште кон крајот на претходната наставна година (до 31 мај). Оваа година анкетата до учениците и нивните родители беше испратена електронски (во Google Forms). Секое одделение го изучува оној предмет што го избрало мнозинството од ученици.

За оваа учебна година направен е следниот избор на области:

| Одделение | Изборен предмет - наставник | Наставник |
|---|---|---|
| IV | Од областа на задолжителните предмети- математика | Менче Стојчевска |
| V | Од други области | Одделенски наставници од V одделение |
| VI | Поддршка на личниот и социјалниот развој | Драги Анастасовски |
| VII | Од други области | Стефан Поповски<br>Тамара Гроздановски<br>Дени Лековски |
| VIII | Од областа на задолжителните предмети- Историја | Катерина Трајковски |

| | | |
|---|---|---|
| IX | Изборен спорт<br>Проекти од ликовната уметност | Божидар Мојсов<br>Никола Петровски |

Во тековниот период наставниците што ќе реализираат Концепција, според афинитетите на учениците по подрачја изработуваат или прилагодуваат програми, кои ги праќаат до БРО на одобрување и на самиот почеток на учебната година (1ви септември) им даваат на учениците избор на два слободни изборни предмети кои ќе се реалзираат во првото еден, и во второто полугодие втор, различен од првиот слободен изборен предмет.

### 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава за учениците од VIII до IX одделение се планира и се реализира на неделно ниво согласно потребите на учениците (кои не успеваат да ги постигнат стандардите за оценување планирани за таа недела) во рамките на задолжителниот престој на ученицита, односно наставниците.

Планирањето на дополнителната настава во одделенска настава е составен дел на неделното планирање (согласно согледувањата на наставникот од реализираните содржини и постигањата на учениците) за што се известуваат и родителите. Реализацијата се евидентира во електронскиот дневник во делот за дополнителна настава по претходно даден распоред.

Распоредот за организација на дополнителаната настава за VIII и IX одделение ќе се направи со финализирање на распоредот, а програмите за дополнителна настава секој наставник ќе ги предаде во своето портфолио (во стручната служба) запазувајќи го законскиот рок за тоа.

### 8.11. Додатна настава

Слободните изборни предмети за учениците од IV до VIII одделение овозможуваат проширување и продлабочување на знаењата на учениците од определен предмет/област со што претставуваат една од формите на додатна настава. Доколку учениците пројавуваат интерес за унапредување на знаењата и вештините, а тие не се опфатени преку слободниот изборен предмет, се организира друга форма на додатна настава. Исто така, подготовката на учениците за натпревари претставува една од формите на додатна настава.

Другите форми на додатна настава се составен дел од неделното планирање за што се известуваат учениците. Реализацијата се евиндентира во електорнскиот дневник во делот за додатна настава.

Во VIII и IX одделение, планирањето подразбира одредување на времето на реализација во текот на неделата (согласно согледувањата на наставникот од реализираните содржини и постигањата на учениците) на ниво на паралелка/одделение за што се известуваат учениците. Реализацијата се евиндентира во електорнскиот дневник во делот за додатна настава.

Распоредот за организација на додатната настава за VIII и IX одделение ќе се направи со финализирање на распоредот, а програмите за додатна настава секој наставник ќе ги предаде во своето портфолио (во стручната служба) запазувајќи го законскиот рок за тоа.

### 8.12. Работа со надарени, талентирани и креативни ученици

Програмата за работа со надарени, талентирани и креативни ученици следува како Анекс на оваа Годишна програма. Истата ја подготви тим од училиштето под координаторство на училишниот психологот. Програмата содржи методи за идентификацијата на надарени, талентирани и креативни ученици, нивно следење и методи за работа со учениците. Исклучително е значајно да се работи според најновите истражувања во шесте подрачја: мултипланадареност, математичка надареност, вербална надареност, уметничка надареност, надареност за спорт и надареност за лидерство. Во текот на учебната

година ќе бидат реализирани советувања за наставниците кои конкретно ќе бидат поврзани во работата со тие ученици. Исто така, советување ќе биде реализирано со учениците и со нивните родители.

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Од мај 2015 година нашето училиште е вклучено во програмата Инклузивно образование за ранлива група ученици во организација БРО, МОН, УНИЦЕФ, и МЦГО. Формиран е тим за инклузивно образование под координаторство на Специјалниот едукатор и рехабилитатор во кој членуваат Директор, Маре Стојменовска Мицевска, д-р Аница Златевска, Методиј Богоевски, Марија Вељановска, Марија Ѓиланова, Николина Петроска. Тимот за инклузивно образование континуирано ги следи сите обуки, реализира дисеминација, одржува состаноци,  соработува со Ресурсниот центар за родители со деца со посебни потреби со што за поквалитетен воспитно-образовен процес во училиштето почна да работи и специјален едукатор и рехабилитатор. Со програмата Инклузивно образование за ранлива група ученици сите наставници и стручни работници ги подобрија своите стручни компетенции за работа со сите ученици, исто така се подобри соработката со родителите на децата од сите ранливи групи.

Според новите законски промени, образованите асистенти се вработени во РЦ „Кочо Рацин“, а личните асистенти се ангажираат преку Црвен Крст. Изборот на ученици на кои ќе им се доделат го прави МКФ.

За секој ученик со ПОП, со следење на проценката од МКФ, стручната слушба, наставниците, образовниот асиситен и родителот на ученикот ја изработуваат годишната програма со целите и очекуваните исходи за дел од наставните содржини што ќе се реализираат со ученикот во текот на годината.

### 8. 14. Антикорупциска едукација на учениците од основното образование

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава

Со мотото „**Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“** се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се  заштитиме.

При реализацијата на активностите се тргна од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците за коишто се наменети активностите. Сите активности се изведуваат за време на одделенските часови, по наставниот предмет Граѓанско образование, по наставниот предмет Историја и општество од IV до VI одделение, во вонnаставни активности со ученици од VI до IX  одделение, и изборните предмети по најмалку два наставни часа од септември до мај. Носители на активностите се тимот за антикорупциска едукација на учениците од основно образивание, предметниот наставник по Граѓанско образование,  и одделенските раководители од IV до IX одделение.

**Општи цели:** Ученикот / ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

Конкретните цели и активности ќе бидат дадени во Годишната програма за антикорупција која ќе биде како Анакс на оваа програма.

### 8.15. Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем

Училиштето веќе три пати освојува ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ со што истото го има трајно статусот на Зелено еко училиште. Наставникот Весна Баковска е координатор на Програмата, додека Лидија Павловска е претседател на еко- одборот и истите се одговорни за сите еко активности, еко- акции и еко- настани во училиштето. Во еко- одборот учествуваат и службата на училиштето, наставници од одделенска и предметна настава, родители, техничкиот персонал во училиштето, преставници од родителите, Општина Битола, НВО, бизнис секторот и по 2 ученици од секое одделение во училиштето.

И оваа учебна година по сите наставни предмети ќе се реализираат по најмалку 2 наставни содржини од деветте еко стандарди. Секој наставник истите ги става и во сопственото планирање кое до доставува до службата пред почетокот на учебната година. Исто така сите тие наставни часови ќе бидат дел од еко програмата која во училиштето се изработува.

## 9. Вонnаставни активности

Досегашната практика покажува дека е вообичаено во сите училишта да се реализираат повеќе видови вонnаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

**1. Краткотрајни вонnаставни активности**

- излети и екскурзии
- еднократни работилници
- акции во училиштето или во заедницата

**2 . Подолготрајни вонnаставни активности**

- секции/клубови

Барањата за планирање, организирање и реализација на горепосочените видови вонnаставни активности се подетално опишани во посебните поглавја што следуваат.

Како посебен вид вонnаставни активности може да се сметаат гостувањата на училиштата надвор од земјава во рамките на **проекти** како Еразмус +, збратимени училишта и слично. Со гостувањата од ваков вид се опфатени мал број училишта, во рамките на кои се вклучени мал број ученици во својство на учесници во проектот и/или претставници на училиштето.

Во текот на зимскиот и/или на летниот распуст, училиштата може да организираат и **кампови/ школи** со цел на учениците да им обезбедат организирани вонnаставни активности во форма на концентрирани, целодневни активности во текот на неколку дена, една работна недела или нешто повеќе. Може да бидат наменети за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците, да имаат спортско-рекреативен карактер и/или да задоволуваат други вонnаставни интереси на учениците. Училиштето може да организира такви активности само за свои ученици или да биде отворено и за ученици од други училишта во околината. Ваквите активности може да ги водат наставници од училиштето или други лица, ангажирани за оваа намена. Се очекува реализацијата на ваквите активности да биде финансиски потпомогната од родителите, од локалната заедница и/или од општината.

Како посебен вид вонnаставни активности се сметаат оние поврзани со **ученичкото организирање** во рамките на училиштето.

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб Мулти спорт КК почува да функционира од оваа учебна година Никола Петровски е избран за претседател, а истиот и зработи и нова програма (Анекс на оваа програма). Општи цели на спортскиот клуб се:

- развивање на психомоторните способности,
- правилен физички развој (оформување на телото) и развивање базична моторика за движење и спортување,
- усвојување и усовршување на спортско- техничките и тактичките знаења за сите спортови,
- создавање и применување на здравствено- хигиенски навики во вежбањето и спортувањето за чување и унапредување на сопствената хигиена и здравје.

Конкретните цели, како и план на активностите се дел од програмата на спортскиот клуб, која за учебната 2025/ 2026 ќе биде изготвена и доставена до стручната служба по поставување на нов претседател на спортскиот клуб.

### 9.2. Слободни изборни активности и предмети

Во првиот образовен период (I- III одделение) слободните изборни предмети се реализираат во форма на **слободни активности** што ги води одделенскоит наставник со учениците од својата паралелка.

Слободните активности се реализираат во времето предвидено за слободниот изборен предмат (2 наставни часа неделно). Наставникот нуди повеќе видови групни активности како дополнување на она што е веќе учено во текот на неделата, а секој ученик се поттикнува самиот да избере во која од понудените активности сака да учествува. Така на пример, една група ученици може да црта на тема што ќе ја избере , друга група да драматизира некој текст , трета да танцува на дадена музика итн.

Целата паралелка може да избере заедничка активност која е во функција на личниот и социјалниот развој на учениците, продлабочување на знаењата преку проекти активности и развивање на основни ИКТ вештини.

На учениците од вториот период (IV до VI одделение) и на учениците од третиот период (VII и VIII одделение) им се нуди да избираат од четири категории изборни предмети:

- од задолжителни наставни предмети
- за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети
- за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците
- од спортско – рекреативен карактер

Учениците бираат два слободни изборни предмети, еден за првото полугодие , еден за второто полугодие. Предметите мора да припаѓаат на различни категории.

Наставниците кои реализираат настава од IX одделение од нашето училиште планираат и реализираат изборни предмет, а останува да функционира и хорот на училиштето.

Програмите со конкретни цели, времето на реализација, активностите како и со списокот на ученици членови на слободните ученички активности и хорот ќе бидат дел од личните портфолија на одговорните наставници предадени кај службата на училиштето.

### 9.3. Акции

Реализацијата на овие активности зависи од разни објективни и субјективни причини, но во секој случај училиштето учествува во сите ЕКО, МИО, хуманитарни акции кои ќе бидат организирани од училиштето или други НВО, Црвен крст и др. институции.

## 10. Ученичко организирање и учество

По отпочнувањето на учебната година, на првите часови на одделенската заедница се врши избор за заедница на паралелката. Кандидатите подготвуваат кратки програми, кои ги презентираат пред учениците на одделението по што истите се ставаат на гласање. Претседателите од сите одделенски заедници (од шесто до деветто одделение) се дел од ученичкиот парламент на училиштето која работи под раководство на училишниот психолог.

Детскиот Парламент активно работи секоја учебна година, како и оваа на која седниците се одржуваа онлајн во организација на наставникот Снежана Брзовска, која подготвува Годишна програма

за работа на истиот, како анекс на оваа годишна програма. На досегашниот претседател Јована Пешевска и заврши мандатот, па по изборот на нов претседател на првата седница на детскиот парламент тој ќе изработи своја програма со конкретни активности.

Од учебната 2017/2018 година нашето училиште е соработник на Коалиција СЕГА и Детската фондација ПЕСТАЛОЦИ и дел од програмата **УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ**. Ученик Правобранител ќе се избери во месец септември со започнување на новата учебна година.

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во текот на учебната година ќе се планираат и екскурзии за учениците од трето, шесто и деветто одделение. Во подготовката на програмите за екскурзија учествуваат одделенски раководители од предвидените одделенија и стручната служба и стојат како анекс на оваа програма. Исто така во план се и летни и зимски кампови / школи кои се планираат во наставата и надвор од неа, како и настава во природа за учениците од петто одделение.

Во склоп на овие вонучилишни активности испланирани се: две еднодневни (есенска и пролетна) екскурзии- излети, со цел реализација на заедничките цели и секој стручен актив прави план на вонннаставни активности со цели на реализација кои се планирани за учебната 2025/2026 година. Во прилог табелата со активности:

| I одделение, II одделение | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **АКТИВНОСТИ** | **СТАНДАРДИ** |
| Општество | Посета на Црвен крст и запознавање со нивната улога | Опишува што треба да се прави при земјотрес, поплава и пожар. |
| | Посета на различни објекти во градот (здравствени установи - болница, стоматолошка ординација, аптека, полициска станица, сообраќајница, пожарна, продавници, банка, театар, музеј) | Ги препознава и наведува објектите и институциите карактеристични за градовите (болница, стоматолошка ординација, аптека, полициска станица, сообраќајница, противпожарна служба, трговски центар, банка, театар, музеј). |
| | Посета на село<br>Посета на нива, сточарска и живинарска фарма, фабрика, продавница, цвеќара, пекара, пазар, трговски центар) | Ги наведува и опишува основните стопански дејности карактеристични за селата (земјоделие и сточарство).<br>Ги наведува и опишува основните стопански дејности по кои градовите се разликуваат од селата (индустрија и трговија) |
| | Автобуска станица, железничка станица, крстосница | Ги наведува правилата за однесување на патниците во автобус и во воз |
| Природни науки | Посета на живеалишта (шума, езеро, ливада)- Инфо центар Пелистер, ЗОО градина | Идентификува и опишува различни услови во различни живеалишта (шума, езеро, ливада, бара, различни видови на животни |
| | Фабрика за рециклирање | Наведува примери на материјали кои може да се рециклираат и реупотребуваат |
| | Посета на РЕК<br>Посета на соларна централа | Набројува различни електрани како производители на електрична енергија |

| | | |
|---|---|---|
| Македонски јазик | Театар, Кино, Телевизија, Радио, Библиотека | Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини |
| Музичко образование | Посета на хор, КУ**Д** Друштво (фолклор),музичко училиште,<br>Детски фестивали | Прави разлика меѓу соло и хорска изведба со детски, женски и машки гласови,се запознава со народниот фолклор (оро, песна, инструменти, носии) |
| Ликовно образование | Посета на здруженија кои изработуваат накит, украси, декорации | Изработува украси, накит, декорации и дезени. |
| Соработка со локалната заедница и невладини здруженија | Учество на настани, учество на натпревари, конкурси | Ги проширува стекнатите знаења преку директно учество на литературен ликовен, музички, спортски настан, натпревар, конкурс |
| Училишни организирани настани | Еднодневени излети, Приредби***,*** Проекти. | |

| ***III одделение*** | | |
|---|---|---|
| Предмет | Активности | Стандарди |
| Општество | Посета на средно училиште, факултет. | Прави разлика меѓу основно, средно и високо образование според намената и возраста на учениците/студентите. |
| | Посета на ветеринар – Ветеринарна амбуланта,<br>Прехранбениот технолог – млекара, фабрика за производтво на храна,<br>Машински техничари – Кромберг и Шуберт | Објаснува (со пример) како образованието подготвува за одредена професија. |
| | Посета на ветеринар – Ветеринарна амбуланта,<br>Пријатели- продавници за домашни миленичиња<br>Хачико – Прифатилиште за бездомни кучиња | Ја опишува и споредува грижата што им е потребна на различни видови<br>домашни миленици (мачe, куче, папагал, аквариумски риби).<br>Дава примери за содветно и несоодветно однесување кон бездомните животни. |
| | Аеродром<br>Пристаниште<br>Железничка станица<br>Автобуска станица | Ги групира превозните средства според видот на сообраќајот (копнен,воздушен и воден).<br>Ги наведува правилата за безбедно однесување на патниците во автомобил, во авион, во воз и во чамец.<br>Ги предвидува последиците од непочитувањето на правилата на безбедно однесување на патниците во превозните средства. |

| | | |
|---|---|---|
| | Преспанско Езеро<br>Охридско Езеро<br>Баба<br>Национален парк Пелистер<br>Ниже поле – скијачки центар<br>Крушево<br>Охрид<br>Струга<br>Преспа<br>Вевчани<br>Сива вода- водопад | Ги наведува трите најголеми природни езера во РСМ според големината и ги ги покажува на географската карта на РСМ.<br>Ги наведува трите највисоки планини во РСМ според висината и ги покажува на географската карта на РСМ.<br>Ги наведува националните паркови во РСМ, ги покажува на карта и објаснува зошто се прогласени за национални паркови.<br>Наведува и опишува најмалку две туристички дестинации во РСМ од различна природа.<br>Наведува најмалку две други природни убавини во РСМ и објаснува зошто се сметаат за природни убавини. |
| | ООУ „Гоце Дечлев“- Битола | Ги наведува јазиците на наставата во основното образование. |
| | Инфо-центар Пелистер<br>Стрежево Езеро<br>Прочестителна станица | Ги наведува следните начини на кои и децата може да придонесат за земјата: да ја чувам природата, да стекнам образование, да ги почитувам различните од мене и да помагам кога е потребно<br>Објаснува (преку примери) како децата треба да ја чуваат природата (да не ја загадуваат природата и да ги штедат ресурсите) |
| | Граничен премин | Опишува како се поминува граница кога се патува со различни превозни средства. |
| Природни науки | Амбуланта<br>Стоматолог<br>Аптека<br>Агенција за безбедност на храна | Објаснува како да се заштити себе си и како да ги заштити другите од заразни болести (миење раце, дистанцирање, носење маска, кивање и кашлање со покриена уста, вакцинација).<br>Ја опишува улогата на лекарот за лечење на болестите кај децата.<br>Го поврзува здравјето со хигиена на храната (миење, безбедно пакување и чување) |
| | Средно техничко училиште<br>Технички факултет<br>Градилиште<br>РЕК - Битола | Ги препознава лостот, макарата, косата рамнина, запчаникот, тркалото со оска, клинот и навојот како едноставни машини кои се користат за кревање товар со помала сила, за промена на насоката на силата и за олеснување на движењето.<br>Прави разлика меѓу сложени машини (автомобили, ровокопачи, булдожери и др.) и едноставни машини (лост, макара, коса рамнина, запчаник, тркало со оска, клин, навој). |
| | Посета на фабрика за лим<br>Посета на фабрика за сладолед- Цермат | Ги опишува (преку пример) промените на материјалите при виткање, гмечење, истегнување и извртување што се случуваат под дејство на сила.<br>Ги опишува промените што настануваат при загревање/ ладење на материи од типот на чоколадо/ стопено чоколадо, путер/стопен путер, сладолед/ стопен сладолед, мраз/ вода и сл. |

| | | |
|---|---|---|
| | Астрономско друштво<br>Планетариум- Скопје | Идентификува сателити, метеори и комети и ги опишува нивните основни карактеристики.<br>Ја идентификува Месечината како најблиско небесно тело до Земјата и нејзин единствен природен сателит. |
| Македонски јазик | Театар<br>Кино<br>Телевизија<br>Радио | Наведува примери за да објасни/опише како медиумите влијаат врз корисниците; |
| Музичко образование | Музички концерти | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала |
| Ликовно образование | Ликовна изложба<br>Аталје<br>Мал Битолски Монмартар | Прави естетска проценка на оригинални дела и декорира различни предмети со сликање. |
| Физичко образование и воспитание | Ракоматен клуб<br>Кошаркарски клуб<br>Одбојкарски клуб<br>Фудбалски клуб<br>Спорски натпревари | Ги разликува спортските игри: ракомет, кошарка, одбојка и фудбал |
| Соработка со локалната заедница и невладини здруженија | Учество на настани | |
| Училишни организирани настани | Еднодневени излети,<br>Приредби<br>Проекти. | |

| IV одделение | | |
|---|---|---|
| ПРЕДМЕТ | АКТИВНОСТИ | СТАНДАРДИ/ ЦЕЛИ |
| Општество | Посета на Општина Битола,<br>Посета на Влада на РСМ<br>Посета на Собрание на РСМ | - Го опишува начинот на избор на градоначалник<br>да се запознаат со градоначалникот ,неговите соработници и останатите вработени<br>-да ги анализираат нивните работни обврски и одговорности<br>- Ги наведува Владата, Собранието и претседателот на државата како најзначајни државни институции.<br>- Го препознава Собранието како институција во која се носи Уставот и сите закони на државата.<br>- да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права |

| | | |
|---|---|---|
| | Посета на археолошко наоѓалиште Хераклеа | - да се запознаат со значењето, настанокот, одржувањето на ова наоѓалиште<br>-да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите<br>народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато |
| | Посета на верски објекти(црква и џамија) | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат |
| | Посета на Скопје –главен град на РСМ (Музеј на македонската борба за самостојност, спомен куќа на мајка Тереза, Скопско Кале, Камениот мост, Стара скопска чаршија) | - Ги опишува карактеристиките на главниот град на нашата држава<br>- Го идентификува Скопје како град на солидарноста и како роден град на Мајка Тереза<br>- Именува значајни градби и културни знаменитости лоцирани во главниот град (Камен мост, Скопско кале, Стара скопска чаршија, Стара железничка станица, Даут пашин амам, Скупи) и ги наведува основните карактеристики по кои се препознатливи.<br>развивање чувство на припадност и љубов кон својата држава |
| | Посета на нива, сточарска и живинарска фарма, млин, фабрика, продавница,цвеќара, пекара, трговски центар | Ги наведува и опишува основните стопански дејности карактеристични за селата (земјоделие и сточарство).<br>• Ги наведува и опишува основните стопански дејности по кои градовите се разликуваат од<br>* селата (индустрија и трговија) |
| **Природни науки** | Посета на шума, езеро, ливада- Инфо центар Пелистер, ЗОО градина | Идентификува и опишува различни услови во различни живеалишта (шума, езеро, ливада, бара, различни видови на животни |
| | Фабрика за рециклирање | Наведува примери на материјали кои може да се рециклираат и реупотребуваат |
| | Посета на РЕК<br>Посета на соларна централа<br>Посета на Биогасна централа<br>Посета на вештачко езеро и хидроцентрала( Стрежево, Матка) | Набројува различни електрани како производители на електрична енергија<br>- Прави разлика меѓу необновливи извори на енергија (јаглен, нафта, природен/земен гас) и обновливи извори на енергија (сонце, вода, ветер) |
| | Посета на метеоролошка станица | -Именува и разликува видови временски услови: сончево, облачно, дождливо, снежно, магловито, ветровито.<br>- Прави разлика меѓу временски услови и клима (време, клима, сончево, облачно, дождливо, снежно, магловито, ветровито, облаци, врнежи, дожд, снег, град, роса, слана, иње, магла, ветер, температура, надморска височина, воден циклус, метеоролошки инструменти, термометар, дождомер, ветроказ).<br>- Именува и препознава метеоролошки инструменти и ја објаснува нивната примена. |

| | | |
|---|---|---|
| **Македонски јазик** | Театар, Кино, Телевизија, Радио, Библиотека | Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини |
| **Музичко образование** | Посета на хор, КУД Друштво (фолклор), Детски фестивали | Прави разлика меѓу соло и хорска изведба со детски, женски и машки гласови, се запознава со народниот фолклор(оро, песна, инструменти, носии) |
| **Ликовно образование** | Посета на здруженија кои изработуваат накит, украси, декорации<br>Посета на Галерија | Изработува украси, накит, декорации и дезени.<br>-Вреднува ликовни дела, воочува детали, има свој став во врска со ликовното дело |
| **Соработка со локалната заедница и невладини здруженија** | Учество на настани, учество на натпревари, конкурси | Ги проширува стекнатите знаења преку директно учество на литературен ликовен, музички, спортски настан, натпревар, конкурс |
| **Училишни организирани настани** | Еднодневени излети,<br>Приредби<br>Проекти. | **-**развивање на другарски односи; - психофизичка рекреација на учениците; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики<br>-ги проширува своите знаења, способности и вештини преку учество на приредби и учество во проекти |

| *V одделение* | | |
|---|---|---|
| Предмет | Активности | Стандарди / цели |
| Историја и општество | Посета на археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис | - Развивање свест за негување и чување на културното и природното богатство.<br>- Поттикнување кон истражувачки активности. |
| Историја и општество | Посета на верски објекти – црква и џамија | - Совладување и проширување на знаењата на учениците за верските објекти – црква и џамија. |
| Македонски јазик<br>Математика<br>Природни науки<br>Историја и општество<br>Ликовно образование<br>Музичко образование<br>Физичко и здравствено образование | Настава во природа - Национален парк Пелистер – хотел Молика) | - Развивање интерес за природата, животните и градење на еколошки навики.<br>- Создавање на позитивни навики за чување и одржување на природата и градење на еколошка свест. |
| Историја и општество | Посета на Историскиот архив | - Запознавање со архивскиот материјал и податоците за политичката, културната и стопанската историја на подрачјето на Општина Битола. |
| Историја и општество | Посета на НУ Завод и музеј - Битола | - Почитување на правила за однесување во музеј и кон експонатите за постапка во музејот. |
| Историја и општество | Бигорски манастир, Маврово, Тетово – Шарена џамија | - Развивање позитивен однос кон националните, културните и природните вредности. |
| Македонски јазик | Одбележување на недела на детето - разговор за детската организација | - Поттикнување и постојано развивање на сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. |
| Македонски јазик<br>Историја и општество | Одбележување на 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба | - Развивање љубов кон празниците со цел нивно поголемо запознавање и продлабочување на знаењата за нашето далечно минато. |
| Македонски јазик | Одбележување на 4 Ноември –Денот на ослободување на град Битола | - Развивање љубов кон празниците со цел нивно поголемо запознавање и продлабочување на знаењата за нашето далечно минато. |
| Македонски јазик | Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост | - Поттикнување и постојано развивање на сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. |

| *Стручен актив- Јазична група предмети* | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **ВОННАСТАВНА АКТИВНОСТ** | **АКТИВНОСТИ** | **ЦЕЛИ И СТАНДАРДИ** |
| Македонски јазик | Детски Рацинови средби | Поезија/проза на македонски | **Стандарди:** Учениците пишуваат и читаат литературни творби. **Цели:** Да се поттикне литературно творештво и интерес за македонската книжевност. |
| Македонски јазик | Натпревар по библиотекарство | Натпревар | **Цели:** Да се зајакне љубовта кон книгите и знаењето за библиотечната култура. **Стандарди:** Учениците покажуваат интерес за литература, библиотечни правила и книжевност. |
| Македонски јазик | Литературни конкурси | Менторирање на ученици | **Цели:** Развивање на креативно пишување и писмена изразност. **Стандарди:** Учениците пишуваат творби со јасна структура и оригиналност. |
| Македонски јазик | Денови на романот | Анализа на роман, презентации | **Цели:** Продлабочување на интересот за прозни дела и автори. **Стандарди**: Ученикот дискутира за содржина и ликови од прочитан роман. |
| Македонски јазик | Посета на Преспа/Курбиново | Меѓупредметна екскурзија | **Цели:** Запознавање со природното и културното наследство. **Стандарди:** Ученикот опишува впечатоци и идентификува значајни обележја. |
| Македонски јазик | Посета на Охрид | Историско-културна екскурзија | **Цели:** Продлабочување на познавањата за културното и духовното наследство. **Стандарди:** Ученикот опишува знаменитости и зачувува впечатоци во извештај. |
| Македонски јазик | Фестивал на монодрама | Посета и пишување драмски текстови | **Цели:** Запознавање со уметничкиот израз преку индивидуални настапи. **Стандарди**: Ученикот дискутира за порака и изведба на претставата. |
| Македонски јазик | Ден на македонската азбука | Калиграфија и зборови | **Цели:** Поттикнување писмена култура и негување на писменоста. **Стандарди:** Ученикот препознава и правилно користи букви и правописни норми. |
| Македонски јазик | Ден на македонскиот правопис | Средба со лектор, посета на библиотека | **Цели:** Продлабочување на знаењето за правописот и неговата примена. **Стандарди:** Ученикот коригира грешки и го применува правописот во писмен израз. |
| Македонски јазик | Небрегово - спомен куќа | Посета и творечки активности | **Цели:** Запознавање со животот и делото на Кочо Рацин. **Стандарди:** Ученикот ја поврзува посетата со научени содржини по литература и историја. |
| Македонски јазик | Одбележување 11 окт., 4 ноември, 24 мај | Истражувачки и литературни задачи | **Цели**: Јакнење на патриотизмот и историската свест. **Стандарди:** Ученикот ги препознава значењата на датумите; учествува во пригодна активност. |
| Македонски јазик | 4 Ноември – љубовни писма | Пишување писма инспирирани од Битола | **Цели:** Поттикнување емпатија и креативен писмен израз. **Стандарди:** Ученикот пишува писмо користејќи убави и неагресивни изрази. |
| Англиски јазик | Tea Party | Англиска чајанка, дијалози | **Цели:** Претставување на културни навики од англиското говорно подрачје. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Стандарди:** Ученикот учтиво комуницира, користи основен вокабулар и следи етикета. |
| Англиски јазик | Американско катче | Работилници, игри, читање | **Цели:** Запознавање со културата и вредностите на САД. **Стандарди:** Учениците учествуваат во дискусии, активности и квизови поврзани со англоамериканската култура. |
| Англиски јазик | Ноќ на вештерките | Костими, украси, драматизации | **Стандарди:** Учениците се креативно изразуваат преку тематски активности. **Цели:** Да се развива тимска работа и фантазија преку тематски настан. |
| Англиски јазик | Натпревар ЕЛТАМ | Подготовки со вежби | **Цели**: Поттикнување на интерес за англискиот јазик преку натпреварувачки дух. **Стандарди:** Учениците демонстрираат јазични вештини, точна употреба на граматика и вокабулар. |
| Англиски јазик | Натпревар ХИПО | Натпреварр по англиски | **Цели:** Развивање на критичко мислење и јазична точност на англиски јазик. **Стандарди:** Учениците читаат со разбирање, логично резонираат и пишуваат на англиски. |
| Англиски јазик | Натпревар Спелинг Би | Натпревар | **Цели:** Јакнење на правописната писменост и концентрација. **Стандарди:** Учениците точно изговараат и спелуваат зборови. |
| Англиски јазик | Филмски денови – Дизни | Дизни филмови, анализа | **Цели:** Преку филмска уметност се промовираат вредности како пријателство, храброст и соработка. **Стандарди:** Ученикот разбира пораката од филмското дело и ја дискутира во група. |
| Англиски јазик | Go Green ден | Еко активности и работилници | **Цели:** Јакнење на еколошката свест кај учениците. **Стандарди:** Ученикот препознава еколошки проблем; предлага или учествува во решенија. |
| Англиски јазик | Мировен корпус | Работилници со волонтери | **Цели:** Поттикнување на граѓанска одговорност. **Стандарди:** Учениците учествуваат во проекти за мир и споделуваат свои ставови. |
| Англиски јазик | Соработка со наставници по ФЗО | Игри со спортски речник | **Цели:** Поттикнување на здрав начин на живот |
| Англиски јазик | Ден на благодарноста | Пораки, изработки | **Цели:** Развивање свест за важноста на благодарноста и добрината. **Стандарди:** Ученикот препознава и изразува благодарност; учествува во активности со емпатичен пристап. |
| Англиски јазик | Ден на палачинките | Игри и рецепти | **Цели:** Поврзување преку кулинарски и забавни активности. **Стандарди:** Ученикот соработува во тим; учествува во креативна и практична активност. |
| Германски јазик | Конференција на наставниците | Презентирање на добри практики | **Стандарди:** Учениците покажуваат почитување кон професијата наставник. **Цели:** Да се зајакне партнерството наставник-ученик и да се препознае улогата на наставникот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Германски јазик | Посета на германската печатница | Запознавање со процесот на печатење | **Стандарди:** Учениците стекнуваат знаења за процесот на издавање книги. **Цели:** Да се подигне интересот за читање и да се запознае печатарската дејност. |
| Германски јазик | Денот на гушкањето | Активности на тема емоции, пријателство | **Цели:** Учениците изразуваат емоции на пријателство и поддршка. **Стандарди:** Да се промовира емпатија, љубезност и емоционална писменост. |
| Германски јазик | Светски ден на штедењето | Литературни творби на тема штедење | **Стандарди:** Учениците разбираат основни поими од економијата. **Цели:** Да се поттикне одговорно однесување кон финансии и штедење. |
| Германски јазик | Ден на ретки болести | Едукативна работилница и изработки | **Стандарди:** Учениците ја развиваат емпатијата и солидарноста. **Цели:** Да се подигне свеста за ретките болести и да се поттикне сочувство. |
| Германски јазик | Посета на Гете институтот | Културна мисија и активности | **Стандарди:** Учениците се запознаваат со германскиот јазик и култура. **Цели:** Да се поттикне интересот за германскиот јазик и да се зајакне мотивацијата за учење. |
| Германски јазик | Карневал под маска | Изработка на маски и дијалози на странски јазик | **Стандарди:** Учениците се креативно изразуваат преку костими и маски. **Цели:** Да се негува културна традиција и да се поттикне слободното изразување. |
| Германски јазик | Денот на сите светци | Презентации за светци | **Цели:** Запознавање со традиции и вредности поврзани со светците. **Стандарди:** Ученикот слуша и раскажува приказни поврзани со значајни личности. |
| Германски јазик | Св. Мартин | Германски песни, активности и традиции | **Цели:** Претставување на германската традиција за Свети Мартин. **Стандарди**: Ученикот раскажува легенда |
| Германски јазик | Изложба | Изложба на ученички творби | **Цели:** Презентирање на ученички достигнувања и креативни дела. **Стандарди:** Ученикот учествува во подготовка и презентира свој труд. |
| Германски јазик | Kindersportfest | Спортски игри на германски | **Цели:** Поттикнување спортски дух и забава преку натпревар. **Стандарди:** Ученикот учествува во спортски игри со фер-плеј. |
| Германски јазик | Онлајн писма – нашето пријателство | Писма со ученици од други земји | **Цели:** Поттикнување писмена комуникација со врсници преку дигитална писменост. **Стандарди:** Ученикот пишува кратки текстови и комуницира пријателски. |
| Германски јазик | Посета на германска амбасада | Културна и јазична презентација | **Цели:** Запознавање со работата на дипломатски мисии и германската култура. **Стандарди:** Ученикот учтиво поставува прашања и покажува интерес. |
| Германски јазик | Еко работилница со друго училиште | ЕКО – изработки, работилници | **Цели:** Меѓуучилишна соработка за заеднички еколошки цели. **Стандарди:** Ученикот изработува постер/порака и соработува со врсници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Германски јазик | Изложба | Изложба на ученички творби | **Цели:** Презентирање на ученички достигнувања и креативни дела. **Стандарди:** Ученикот учествува во подготовка и презентира свој труд. |
| Германски јазик | Посета на OSD – Тетово | Информации за OSD - Тетово | **Цели:** Запознавање со германски јазичен испитен центар и можности за сертификација. **Стандарди:** Ученикот препознава значењето на јазичната потврда и поставува прашања. |
| Германски јазик | Посета на австриска амбасада | Инфо-сесија за Австрија | **Цели:** Запознавање со културни и јазични врски меѓу Македонија и Австрија. **Стандарди:** Ученикот дискутира за германскиот јазик и културните вредности. |
| Англиски, германски | Божиќна бајка | Обработка/глума/ интерпретација на бајки, песни и украси | **Цели:** Учениците се креативно изразуваат преку драмски и уметнички форми. **Стандарди:** Да се негува празничната традиција и да се поттикне соработка меѓу учениците |
| Англиски и германски | Денот на љубовта | Пораки на англиски/ германски | **Стандарди:** Учениците ги изразуваат чувствата на позитивен начин. **Цели:** Да се развива емоционална интелигенција и почитување кон другите. |
| Англиски, македонски, германски | Детска недела | Работилници, игри и изложби за детските права | **Стандарди:** Учениците ги разбираат своите права и одговорности. **Цели:** Да се одбележи важноста на детето во општеството. |
| Англиски, македонски, германски | Филмски денови | Гледање филмови, дискусии и квизови | **Цели:** Учениците ја развиваат медиумската писменост. **Стандарди:** Да се поттикне критичко размислување преку анализа на филмско дело. |
| Англиски, македонски, германски | Велигден | Велигденски украси и игри | **Цели:** Да се запознаат учениците со традициите поврзани со Велигден. **Стандарди:** Учениците креативно се изразуваат преку изработка на декорации и учествуваат во тематски активности. |
| Англиски, македонски, германски | Патрон празник | Претстави, рецитали, изложби | **Цели:** Поттикнување на љубовта кон училиштето и негување на историска меморија. **Стандарди:** Учениците учествуваат во културни активности, рецитираат, играат или глумат. |
| Англиски, македонски, германски | Саем на книга | Посета | **Цели:** Поттикнување интерес за читање и литературна размена. **Стандарди:** Учениците препознаваат автори и дела, изразуваат литературни вкусови. |
| Англиски, македонски, германски | Интернационален ден на мајчиниот јазик | Литературни читања и изработка на пано | **Стандарди:** Учениците ја разбираат важноста на зачувување на мајчиниот јазик. **Цели:** Да се промовира културниот идентитет преку јазикот. |
| Англиски, македонски, германски | Нова година и Божиќ | Украсување, честитки, песни | **Стандарди:** Учениците ги негуваат празничните традиции. **Цели**: Да се развива соработка и празнична атмосфера во училиштето. |
| Англиски, македонски, германски | 8. Март | Честитки, цртежи и рецитали | **Цели:** Да се развие почитување и разбирање за улогата на жената во општеството. **Стандарди:** Учениците изразуваат емпатија, создаваат креативни честитки и учествуваат во пригодни активности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Англиски, македонски, германски | Денот на Европа | Постери и квизови за европските земји | **Стандарди:** Учениците разбираат основни вредности на ЕУ. **Цели:** Да се развива свеста за европскиот идентитет и заедништво. |
| Англиски, Македонски, германски | Светски ден на литература за деца | Читање книги и илустрации | **Стандарди:** Учениците читаат и интерпретираат детска литература. **Цели:** Да се поттикне љубовта кон книгите и читањето. |
| Англиски, македонски, германски | Песна/филм со други училишта | Проекти на тема култура, екологија | **Цели:** Поттикнување соработка и креативност преку музичко/филмско изразување. **Стандарди:** Ученикот соработува со врсници од други училишта; создава уметничко дело со едукативна порака. |
| Англиски, македонски, германски | Велигденски базар | Продажба на ракотворби | **Цели:** Поттикнување претприемнички дух и културна традиција. **Стандарди:** Ученикот подготвува ракотворби и учествува во хуманитарна продажба. |
| Англиски, македонски, германски | Посета на Филолошки факултет | Истражување на факултетот и насоките | **Цели:** Запознавање со високото образование и јазичните студии. **Стандарди:** Ученикот поставува прашања и покажува интерес за јазични и културни теми. |
| Англиски, македонски, германски | Ден на детето | Игри, песни, драматизации | **Цели:** Одбележување на правата и значењето на детството. **Стандарди:** Ученикот ги препознава сопствените права и активно се вклучува во прослава. |
| Англиски, македонски, германски | Ден на театарот | Посета и активности по претстава | **Цели:** Развивање интерес за драмската уметност. **Стандарди:** Ученикот гледа театарска претстава и дискутира за ликовите и пораката. |
| Англиски, македонски, германски | Посета на кино | Филм и дискусија | **Цели:** Развивање медиумска писменост и критичко мислење. **Стандарди:** Ученикот резимира содржина и изразува став за филм. |
| Англиски, македонски, германски | Посета на библиотека | Избор книги и читателски дневник | **Цели:** Поттикнување љубов кон читањето и користење на библиотечни ресурси. **Стандарди**: Ученикот избира и позајмува книга; води читачки дневник. |
| Англиски, македонски, германски | Литературно читање | Групно читање и драматизации | **Цели:** Развивање способност за изразно читање и разбирање на текст. **Стандарди:** Ученикот чита наглас со израз и разбира содржина. |
| Англиски, македонски, германски | Ден на мајчиниот јазик | Текстови на различни јазици | **Цели:** Поттикнување на почит и нега на мајчиниот јазик. **Стандарди:** Ученикот го користи јазикот на креативен начин; учествува во јазични игри. |
| Германски и англиски јазик | Писмо до непознато другарче | Порака и подарок | **Цели:** Поттикнување емпатија и меѓусебно запознавање. **Стандарди**: Ученикот се претставува писмено и поставува прашања. |
| Англиски, македонски, германски | Ден на светските јазици | Работилници со дијалози и поговорки | **Цели:** Развивање свест за јазичната разновидност и културната почит. **Стандарди:** Ученикот учи нови зборови/фрази од друг јазик; учествува во мултикултурна активност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Англиски, македонски, германски | Ден на училиштето | Настапи, изложби, презентации | **Цели:** Одбележување на историјата и вредностите на училиштето.<br>**Стандарди:** Ученикот учествува во приредба или изложба поврзана со училишната заедница. |
| Англиски и германски јазик | Светски ден на таткото | Изработка на честитки и видеа | **Цели:** Јакнење на семејните вредности и благодарност кон родителите.<br>**Стандарди**: Ученикот изработува честитка или пишува текст во чест на татко му. |
| Англиски, македонски и германски | Трибини, дебати и дискусии | Размена на мислења и критичко мислење | **Цели:** Развивање говорни вештини и критичко мислење.<br>**Стандарди:** Ученикот изразува аргументиран став и почитува други мислења. |
| Англиски и германски јазик | Посета на ЗОО | Едукативна прошетка со задачи | **Цели:** Развивање љубов кон животните и знаење за биолошката разновидност.<br>**Стандарди:** Ученикот ги именува животните и опишува нивни карактеристики. |
| Англиски и германски јазик | Ден на мајката | Творби и лични пораки | **Цели:** Изразување љубов и почит кон мајката.<br>**Стандарди:** Ученикот пишува писмо, честитка или изработува подарок. |
| Англиски, македонски, германски | Денот на јазиците | Изработка на пано, презентации и игри поврзани со светски јазици | **Цели:** Учениците ја препознаваат и вреднуваат јазичната разновидност.<br>**Стандарди:** Да се подигне свеста за важноста на јазиците и да се поттикне интеркултурен дијалог. |
| Англиски, македонски, германски | Денот на обединување | Креативни активности на тема пријателство, солидарност и заедништво | **Цели:** Учениците покажуваат интерес и почитување кон европските и светски вредности.<br>**Стандарди:** Да се запознаат со значењето на солидарноста и обединувањето меѓу народите. |
| Англиски, македонски, германски | Денот на храната | Презентација на традиционални јадења и изработка на мени | **Цели:** Учениците разбираат основни принципи на здрава исхрана и културната улога на храната.<br>**Стандарди:** Да се промовира здрав живот и да се истражи гастрономската различност. |
| Англиски, македонски, германски | Соработка со училишта | Проекти, активности и размена | **Цели:** Поттикнување на социјални вештини и интеркултурен дијалог.<br>**Стандарди:** Учениците соработуваат, комуницираат и разменуваат искуства со ученици од други училишта. |
| Англиски, македонски, германски | Гледање филм | Проекција и дискусија | **Цели:** Визуелна писменост и анализа на содржина.<br>**Стандарди:** Учениците следат и анализираат пораки, теми и ликови од филмот. |
| Англиски, македонски, германски | Соработка со училишта | Проекти, активности и размена | **Цели:** Поттикнување на социјални вештини и интеркултурен дијалог.<br>**Стандарди:** Учениците соработуваат, комуницираат и разменуваат искуства со ученици од други училишта. |
| Англиски, Македонски, германски | Театарски претстави | Изведба или гледање претстави | **Цели:** Стимулирање интерес за сценска уметност и литература.<br>**Стандарди:** Ученикот ја следи претставата со внимание и изразува став. |
| Англиски, македонски и германски | Квиз Кахут | Јазични и културни квизови | **Цели:** Проверка и зајакнување на знаењата на интерактивен начин.<br>**Стандарди:** Ученикот точно одговара на прашања и се натпреварува со ентузијазам. |

| *Стручен актив- Биологија, Хемија, природни науки* | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **АКТИВНОСТИ** | **СТАНДАРД/ ЦЕЛИ** |
| Биологија | Обележување на Светскиот ден на екологијата (5 јуни): Изработка на постери, презентации и еко пораки | Применува еколошки однесувања во секојдневието.<br>Цел: Развива еколошка свест и чувство на одговорност за зачувување на природата. |
| Биологија | Природно научна прошетка – теренска настава (набљудување на животни и растенија во природата) | Го препознава и анализира значењето на живите организми во нивното природно живеалиште.<br>Цел: Примена на стекнатото знаење на терен. |
| Хемија | Проект: „Како да го намалиме загадувањето?“ – Изработка на постери, макети, презентации | Предлага решенија за заштита на животната средина.<br>Цел: Предлага мерки за намалување од загадување и препознава последици. |
| Биологија / хемија/ природни науки | Селектирање на отпад и рециклирање во училиштето | Применува знаење за рециклирање и одржливост во секојдневниот живот.<br>Цел: Го разбира значењето на правилното управување со отпадот. |
| Биологија / природни науки | Обележување на Денот на планетата Земја (22 април) | Применува еколошки принципи во секојдневниот живот.<br>Цел: Ја разбира важноста на заштитата на планетата Земја. |
| Хемија | Проект: „Хемијата околу нас“ – примена на хемијата во козметика, лекови, чистачи | Ги поврзува хемиските супстанции со нивната примена.<br>Цел: Ја препознава улогата на хемиските соединенија во домаќинството и индустријата. |
| Биологија | Посета на Инфоцентарот на Националниот парк Пелистер | Учениците ја набљудуваат и анализираат биолошката разновидност.<br>Цел: Развива еколошка свест и вреднување на природното наследство. |
| Хемија | Посета на едукативен настан „Хемиски спектакл“ - Скопје | Учење при демонстрација на безбедни и впечатливи хемиски експерименти.<br>Цел: Поттикнување љубопитност, интерес за науката и разбирање на хемиски процеси. |
| Биологија / Природни науки | Посета на Ботаничка градина при ПМФ Скопје | Учење преку директно набљудување на растителни видови, класификација и адаптации.<br>Цел: Ја продлабочува способноста за препознавање и класифицирање на растенија. |
| Хемија / природни науки | Посета на лабораторија на ЈП „Водовод“ – Битола | Учениците се запознаваат со постапките за прочистување на водата и значењето на хигиенската безбедност. |

| *Стручен актив- Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации* | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **АКТИВНОСТИ** | **СТАНДАРДИ/ ЦЕЛИ** |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Учество на училишни натпревари | Промовирање на знаењата на учениците |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на фотоволатаична електрана | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на хидро електрана | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на Рек Битола термо електрана | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на факултетите ФИКНКИ, ФИКТИ и Техничкиот Факултет Битола | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на пилана | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на хидро акумулацијата Стрежево | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на планетариумот во Скопје | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на семи за вработување | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на семи Кромберг и Шуберт | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |
| Математика, физика, техничко образование  и информатика, техничко образование и иновации | Посета на отворени денови на факултети, институции и средни училишта | Проширување на знаењата на учениците од наведените предмети |

| Стручен актив- Географија, Историја, Историја и општество, Граѓанско образование | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **АКТИВНОСТИ** | **СТАНДАРДИ/ ЦЕЛИ** |
| Географија | Посета на локалитетот – Хераклеја<br><br>(во рамките на Клубот на млади географи, како и изборниот предмет Нашата Татковина) | да се запознае со поимите: археолошки локалитет, Антички период и сл.;<br>- да знае за значењето на Хераклеја во различните периоди од минатото;<br>- да се воспостави корелација меѓу наставните предмети и сл. |
| | Посета на Музејот во Битола<br><br>(во рамките на изборниот предмет Нашата Татковина) | да се запознае со минатото на територијата на градот Битола, како и Нашата Татковина.<br>- да знае кои се битни карактеристики на музеите воопшто.<br>- да развиваат искуства и култура на однесување и сл. |
| | Училишен натпревар по географија | - издвојување на најдобрите ученици, кои ќе го претставуваат училиштете на понатамошните натпревари по географија |
| | Општински,<br>- Регионален и<br>- Државен натпревар по географија | издвојување на учениците, кои ќе го претставуваат училиштете на понатамошните натпревари по географија |
| | Посета на Инфо центарот во НП Пелистер<br>(во рамките на Клубот на Млади Географи и изборниот предмет Нашата Татковина) | запознавање на учениците со значењето на НП и неговите специфичности |
| | Посета на<br>НП Пелистер – со реализација на некоја подолга планинарска патека<br><br>(во рамките на Клубот на Млади Географи) | - запознавање на учениците со значењето на НП и неговите специфичности<br>- посета на некои од позначајните обележја на НП<br>- запознавање со основните начела на планинарењето<br>- стекнување на позитивни навики за планинарење и посета на природни локалитети |
| | Интердисциплинарна екскурзија: македонски јазик (легенди, преданија), ликовно (фрески), географија (релјеф), биологија (парк Езерани), математика (пресметување на надморска височина), историја( Курбиново). | - Запознавање и разгледување на карактеристичните релјеф кој се појавува во регионот Езерани и начинот на кој истиот настанал; |
| Граѓанско образование | Антикорупциска едукација на учениците | да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;<br>- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;<br>- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;<br>- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација |

| | | |
|---|---|---|
| | Ученички парламент | Учениците да ги осознаат и разберат свите права(знаење и разбирање).<br>Учениците да сфатат дека своите права можат да ги уживаат само како членови на училишната и општествената заедница(формираат вредности, ставови и вештини) |
| | Шахот во основното училиште<br><br>Општински натпревари-ноември<br><br>Државни натпревари-декември | Шахот да дејствува како педагошко средство за учениците;<br>-да бидат опфатени сите видови на сила (умствена, духовна, физичка);<br>- да креира шаблон или систем на размислувања, според кој од вербата се раѓа успех;<br>- да го гаи интересот за натпреварување, да ја промовира менталната будност (борбена подготвеност), да ги предизвикува сите ученици и измамува највисоки нивоа на успех;<br>- да овозможува позитивен ефект кај детето кон учењето; |
| | Посета на Собранието на Република Северна Македонија | Да се оствари глобалната цел на образованието, да се организираат интресите, можностите и доброволното определување на ученикот. Планирањето, програмирањето, припремата, организацијата и реализацијата на воннаставните активности подразбира активно учество на ученикот |
| | Посета на Општина Битола | Да се оствари глобалната цел на образованието, да се организираат интресите, можностите и доброволното определување на ученикот. Планирањето, програмирањето, припремата, организацијата и реализацијата на воннаставните активности подразбира активно учество на ученикот |
| **Историја** | Посета на локалитетот – Хераклеја | да се запознае со поимите: археолошки локалитет, Антички период и сл.;<br>- да знае за значењето на Хераклеја во различните периоди од минатото;<br>- да се воспостави корелација меѓу наставните предмети и сл. |
| | Посета на Музејот во Битола | - да се запознае со минатото на територијата на градот Битола, како и Нашата Татковина.<br>- да знае кои се битни карактеристики на музеите воопшто.<br>- да развиваат искуства и култура на однесување и сл. |
| | Посета на верски институции | запознавање со верските објекти; развивање на меѓурелигиска толеранција;<br>-историско и културно образование |
| | Посета на Охрид | Запознавање со животот и делото на Свети Климент и Свети Наум;<br>-почитување на верското и културното наследство |

| | | |
|---|---|---|
| | | Истражување и поврзување со наставните содржини |
| | Ден на училиштето- посета на гробот и споменикот | Развивање почит кон ликот и делото на патронот;<br>Поттикнување на лична и колективна одговорност |
| | Интердисциплинарна екскурзија: македонски јазик (легенди, преданија), ликовно (фрески), географија (релјеф), биологија (парк Езерани), математика (пресметување на надморска височина), историја (Курбиново). | -почитување на верското и културното наследство |
| Етика на религии | Посета на локалитетот – Хераклеја<br><br>(во рамките на Клубот на млади Етичари) | да се запознае со поимите: археолошки локалитет, Антички период и сл.;<br>- да знае за значењето на Хераклеја во различните периоди од минатото;<br>- да се воспостави корелација меѓу наставните предмети и сл. |
| | Училишен<br>- Општински, и<br>- Државен натпревар по Етика во религии | - издвојување на најдобрите ученици, кои ќе го претставуваат училиштете на понатамошните натпревари по Етика во религии |
| | Посета на Црква, џамија, синагога | Запознавање со духовните, религиозни и историските споменици, традиција и обичаите |
| | Посета на Старски дом | Запознавање со реалноста на животот, развивање сочувствителност, грижливост, смирение и трпеливост |
| | Посета на детско одделение во Болница, како и дом за сирачиња | Запознавање соеден можен реален момент од животот, кој никого не одминува. Ценење на животот, на здравјето и развивање на благодарноста и смирението.<br>Сочувствителност и милост |

| *Стручен актив- Физичко образование, музичко образование, ликовно образование* | | |
|---|---|---|
| **ПРЕДМЕТ** | **АКТИВНОСТИ** | **СТАНДАРДИ/ ЦЕЛИ** |
| **Физичко и здравствено образование Музичко образование Ликовно образование** | - Аудиција на членови за мандолинскиот оркестар<br>- Аудиција на членови за хорот на училиштето<br>- Избор на членови за ликовниот секција<br>- Формирање на спортски екипи<br>- Есенски крос<br>- Активности по повод 11ти Октомври<br>- Припрема и учество на noќната трка по повод 4ти Ноември<br>- Учество на ликовни конкурси по повод 4ти Ноември<br>- Подготовка и редење на изложба по повод 4ти Ноември<br>- Подготвување и редење на новогодишна изложба (новогодишни работилници)<br>- Скијање за време на зимскиот распуст<br>- Подготвување и редење на изложба по повод 8ми Март<br>- Подготовки за патрониот празник<br>- Спортски натревари по повод патрониот разник<br>- Приредба и изложба по повод патрониот празник<br>- Посети на изложби и музеи (во градот и републиката)<br>- Учество на ликовни конкурси<br>- Велигденска ликовна работилница<br>- Спортски натпревари<br>- Одбележување на Европската недела на спортот<br>- МИО- Пријателски натпревар во фудбал помеѓу ОУ Коле Канински и ОУ Ѓорги Сугарев<br>- МИО- Изучување на Влашко оро<br>- ЕКО- Собирање на отпад во школскиот двор<br>- Одбележување на денот на водата. | - Потикнување на креативноста и самодовербата<br>- Развој на лични интереси и таленти надвор од редовната настава<br>- Подобрување на тимската работа, толеранција пошитување на различноста<br>- Учење преку соработка ,дијалог,заеднићко решавање на проблеми<br>- Потикнување на активен живот преку спортски и рекреативни активности<br>- Зачувување и промовирање на традициите и културното наследство<br>- Развивање на чувство на припадност и активна улога во заедницата |

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Учениците од нашето училиште секоја година учествуваат во низа вонучилишни активности кои се во организација и на терет на нивните родители**.** Тоа се основно музичко училиште, Математичка школа, Училишта за изучување на јазици, спортски клубови и сл.

Во текот на оваа учебна година, се планира во училиштето да се организираат (за време на викенд) т.н. фамилијарни денови, на кои ќе се реализираат најразлични активности на учениците, родителите и наставниците, заради подобрување на соработката меѓу нив.

## 12. Натпревари за учениците

Наставниците од училиштето секогаш се одзвиваат на поканите за учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари за кои е добиена лиценца од МОН со учениците од нашето училиште. Голем е бројот на ученици во нашето училиште кои добиваат награди на овие натпревари, нивните имиња, добиените награди и името на наставникот ментор се дел од Годишниот извештај.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Мултикултурното образование ги учи учениците на културата на другите, познавањето на културата на другите се смета за предуслов за почитување на другите. Учењето за културата на другите се обезбедува преку содржини присутни во наставните програми и учебници по наставните предмети преку кои се учи за историјата, литературата, уметноста и традицијата на различните етнички/културни заедници. Меѓуетничкото интегрирано образование значи заеднички активности и контакти меѓу припадниците на различните културни/ етнички/ јазични заедници, учениците учат едни за други преку заеднички активности и постигање на заеднички цели.

Во нашето училиште веќе осма учебна година ќе се спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во образованието во согласност со спроведените обуки од ПМИО и тоа по најмалку два наставни часоови со учениците од I до IX одделение. Парнер училиште е ОУ „Гоце Делчев“ од Битола, каде што наставата се изведува на македонски јазик и албански јазик, а исто така во двете училишта се изучува изборниот предмет Јазик и култура на Власите. Училишниот тим МИО во нашето училиште го сочинуваат: Јасмина Најдовска - Координатор, Ирена Богданоска, Стефан Поповски и Ивона Вељаноска- наставник по англиски јазик.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Училиштето учебната година ќе ја започне со учество во овие проекти, но доколку добие покана или се појави шанса за учество во некои други сигурно ќе стане дел и од нив.

- Караван на пријателството, Меѓународен проект со сите држави, бивши републики на СФРЈ,
- Erasmus+, Национална агенција
- Селектирај често, ПАКОМАК, тековни

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Во текот на минатата учебната година, нашите ученици и нивните ментори -наставници постигна поголеми од очекуваното резултати на натпреварите кои се реализираа, кои се дадени во Годишниот извештај за работа на училиштето.

Со ист интензитет и ангажирање нашите наставници- ментори и оваа година ќе продолжат со работа на овој план со цел поголема лична афирмација на самите ученици, но и на училиштето воопшто. Секој наставник изработува програма за додатна настава и воннаставни активности со конкретни цели, активности и очекувани резултати, од кои најчество произлегува успехот на учениците поединечно.

Постигањата на учениците во целост се следат на одделенските совети, по тримесечја, после кои наставниците подготвиваат извештаи за успехот на секој ученик поединечно и по наставен предмет на паралелката. Стручната служба потоа ги обработува и сумира резултатите, по што на наставничкиот совет што следи се усвојува успехот и се дискутираат промените во успехот како кај учениците така и кај наставниците по наставен предмет.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Грижата за понатамошното школување и изборот на вистинско училиште за учениците од завршното одделение е секако дел на стручната служба во училиштето. Преку низа на работилници дадени во Програмата за професионална ориентација на учениците (Дадена како Анекс програма) се откриваат афинитетите на учениците и се насочуваат кон вистински избор на средно училиште. Оваа учебна година професионалната ориентација на учениците е вклучена и во воннаставното планирање на наставникот по предметот Иновации.Оваа година се планира трибина на оваа тема, заради помош на учениците за избор на нивното идно занимање.

Од оваа учебна година како главен координатор за професионална ориентација на учениците е назначен стручниот соработник - педагог Светлана Глигоровска.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Проект за намалување на насилството во училиштата е поддржан од Министерство за образование и наука има цел за зголемување на свеста за насилството во училиштето и за неговото спречување, како и за спроведување на законите за борба против истото во секојдневниот живот. На почетокот на секоја учебна година во училиштето се избира Тим за превенција од насилство кој изготвува и работи на Годишната програма која е изготвена според насоките од обуката и е ставена како Анекс програма. Во училиштето е направен и Протокол за заштита од насилство. Истиот е дел од Годишната програма на училиштето.

Од оваа учебна година ќе се применува Правилникот за начин за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издаден во јули 2025 година од страна на МОН. Сите наставници, родители и ученици ќе бидат запознати со новиот формулар за пријава, како и можноста на учениците за анонимно пријавување на насилство во кутија и е- форма.

Исто така бидејќи е-живеењето е се поприсутен дел од живото на учениците секоја учебна година се реализира работилница со учениците со кој се обележува светскиот Ден за безбедност на Интернет и се реализираат по неколку часови од предметот Информатика на оваа тема.

За цело ова време во училиштето се почитува протоколот според кој се следи и реагира по училишно насилство, за кое според упатството дадено од МОН се превземаат соодветни мерки и се води досие на ученикот кои извршил било каков вид од трите нивоа на меѓуврсничко насилство. Според ова упатство има контакт лице и негов заменик за пријавување на насилство. Во нашето училиште лице за контак е психологот, а заменик педагогот на училиштето.

За среќа во нашето училиште се забележани само неколку вакви изолирани случаи на меѓуврсничко насилство.

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Според Законските определби оценувањето на учениците се извршува во четири тромесечја и тоа:

| | **Прво тромесечје** | **Полугодие** | **Трето тромесечје** | **Крај на година** |
|---|---|---|---|---|
| Описно | I-VI | I-V | I-VI | I-III |
| Бројчано | VII-IX | VI-IX | VII-IX | IV-IX |

Исто така во училиштето се прави план за писмено оценување на учениците имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи). Распоредот на планираните писмени работи (по оние предмети, по кои тоа е задолжително) е даден во е- дневникот во делот предвиден за тоа.

Во првиот период, постигањата на ученикот кој следи настава според ИОП, се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигањата на ученикот со ИОП може да се оценат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според Модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на ОО, согласно индивидуалните постигања на поставените резултати.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои Тим за оценување, кој секоја учебна година врши обука на нововработените наставници за формативно и сумативно оценување. Тимот ги користи материјалите од УСАИД-ПЕП и БРО, како и од сопстве ните и искуствата на наставниците од примена на оценувањето. Тимот постојано дава помош и идеи на наставниците во користење на различни методи на оценување, како и во подобрувањето на објективноста и варијабилноста на истото со цел подобро оценување како основа за подобрување на поучувањето.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Секоја година директорот и стручната служба врши посета на часови, како за редовната, така и за дополнителната и додатната настава и воннаставните активности. Посетата се врши според претходно определена цел, за кој се известени наставниците пред реализирање на посетата. После секој посетен час пом. Директор, педагогот и наставникот имаат разговор и дискусија за реализираните цели што се предмет на посетата. Директорот, Пом. Директор и педагогот во својата програма имаат конкретни активности и протоколи за спроведување на следењето, но генерално се придржуваат до следната временска рамка:

| **Месец** | **Одделение** |
|---|---|
| Септември | Слободни изборни предмети IV- VIII и изборни предмети IX |
| Октомври | I,III V, VI, VII |
| Ноември | VIII , IX Дополнителна и додатна настава |
| Декември | II, IV, VIII, IX |
| Февруари | I, III, V, |
| Март | VI, VII,IX |
| Април | VIII , IX Дополнителна и додатна настава |
| Мај | II,IV, VI ,VIII |

Исто така педагогот на училиштето прави тестирање на читањето на учениците од второ одделение во месеците декември и мај на логички и нелогички текст.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор врши посета на часови во одделенија каде што има деца со ИОП и модифицирана двапати во полугодие; Целта на посетата е увид во работата со децата со попреченост и нивно вклучување во наставата, како и степенот на реализација на поставените цели според МКФ проценката.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Оваа учебна година е втора година по изработената самоевалвација по новите насоки од МОН и МЦГО. Време кога се потврдуваат позитивните страни од самоевалуацијата, но и се следи надминувањето на недостатоците по сите подрачја од истата. Во периодот се изработуваат, но и обработуваат анкетите за ученици, наставници и родители од кои се добива дел од сликата за реалното работење во училиштето.

# 17. Безбедност во училиштето

Сите активности што училиштето ги планира во поглед на зголемување на безбедноста во училиштето и начините на справување со непогодите, со цел обезбедување на посигурна животна средина на учениците се дадени во Анекс програмата. По иницијатива на Општина Битола, наставниците од училиштето ќе бидат вклучени во обуки за самозаштита, а потоа знаењата од истите ќе ги имплементираат преко наставни теми во одделни наставни програми во задолжителните наставни предмети или преку воннаставни активности (од 12 до 18 наставни часа во текот на учебната година во согласнот на возраста на учениците) со што ќе се поткрене нивото на свесноста за самозаштита кај учениците.

Во прилог на ова битно е да се напомене дека секоја учебна година се предвидени и реализирани две симулации и тоа на земјотрес и на пожар, во која се вклучени и Општина Битола, Противпожарната единица во Битола, Прва помош, Црвен крст, Дирекција за заштита и спасување, МВР и Тимот за евакуација од нашето училиште.

Секоја учебна година заради зголемување на безбедноста во училиштето истото ангажира и Агенција за обезбедување, во минатата учебна година тоа беше агенцијата Гарда, а за оваа ќе се одлучи со почетокот на наставната година.

# 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Посебен акцент во училиштето се става околу грижата за здравјето на учениците. За хигиената на училишните згради се грижи помошниот персонал кој три пати во текот на денот (пред почетокот на првата, меѓу двете смени и на крајот од втората смена) врши чистење на училниците и санитарните јазли. Целосно чистење на училниците и кабинетите се врши пред почетокот на новата наставна година.

### 18.2. Систематски прегледи

Во соработка со Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“- Битола, се врши континуирано следење на целосната здравствената состојба и состојбата на забите на учениците:

- за упис во прво одделение
- трето одделение
- петто одделение
- седмо одделение

Календарот на систематските прегледи е според можностите на соодветната амбуланта.

### 18.3. Вакцинирање

Според календарот за имунизација на Министерството за здравство и во соработка со Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“- Битола се врши вакцинација на учениците согласно нивната возраст:

- 6 години (прво одделение)
- 7 години (второ одделение)
- 12 години (шесто одделение)
- 14 години (завршно одделение)

Исто така задолжително се врши и HPV вакцинација и на девојчињата и на момчињата со навршени 13 години (седмо одделение)

### 18.4. Едукација за здрава храна

Во училиштето не се организира оброк за учениците, но во координација со Еко одборот се реализираат работилници, квизови, трибини за едукација за здрава храна, и секоја година се одбележува Меѓународниот ден на здравјето. Кои се активности се превземаат е презентирано во Анекс програмата што следува.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Почитувајќи ги правилата на однесување во училиштето, како и придржување кон Кодексот на однесување во училиштето поголеми отстапки во однесувањето и дисциплината на учениците не се забележани. Во прилог на тоа оди и редовното дежурство на наставниците за време на одморите и пред почетокот на наставата. За секое отстапување од пропишаното однесување кај учениците брзо се реагира од страна на стручната служба, како и со вонредни состаноци на одделенските совети.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Бидејќи наставата се реализира во кабинети секој наставник си е задолжен за естетското и функционалното уредување на својата училница. За уредување на зедничките простори (ходниците и холовите на зградите) се грижат:

- Комисија за естетски изглед на училиштето: Македонка Николовска, Жаклина Димевска, Стефан Поповски, Оливера Михајловска, Тамара Грозданоквски, Жанета Волчевска.
- Еко одборот
- МИО тимот
- Ученичкиот парламент

### 19.3. Етички кодекси

Како мотив плус во градење на добра училишна клима, во нашето училиште е изготвен кодекс на однесување на учениците, наставниците, помошните работници и сите вработени во училиштето. Во него се наведени основните и завршните одредби за однесување, облекување и начин на работа на учениците, наставниците, помошните работници и вработените во училиштето, како воспитно-образовниот процес се одвива непречено.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето владее позитивна клима и пријатна работна атмосфера меѓу сите структури во училиштето. Во работниот дел сите вработени придонесуваат кон подобрување на воспитно-образовниот процес и условите во училиштето, оганизирани и предводени од Директорот.

Надвор од работното време традиционални се заедничките прослави на Нова Година, Денот на училиштето како и организираните екскурзии.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Во услови за интензивирање на внатрешните промени на содржината и организацијата на основните училишта со цел подобрување на квалитетот на наставата и образованието се налага потребата од континуирано професионално усовршување на училишниот кадар. Она што треба е да се направи е да се развие рамка што ќе обезбеди ефективна обука на персоналот за развој на училиштето воопшто и унапредување на учењето на учениците, преку поврзување на учењето и интегрирањето на наставната технологија во сите области на училишниот курикулум. Што од ова е планирано за реализација во нашето училиште следува во ГП за професионален развој на наставниците (Анекс програма) изготвена од Тим за професионален и кариерен развој на наставниците: Директор, пом. директор,специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, психолог, Претседатели на стручни активи, кој ќе биде оформен по изборот на нови претседатели на стручните активи, а ќе бидат направена според напатствијата од МОН и во согласност со добиените Водичи за професионален и кариерен развој на директорот, наствániците и стручните соработници.

## 20.2. Активности за професионален развој

Нашето училиште ќе се вклучи во сите обуки што ќе бидат понудени од страна на БРО и МОН со цел што поквалитетна настава. Според тековното Развојно планирање, обуките се од подрачјето на компетенции: Користење на АИ во наставата, како и претворање на училиштето во зелено училиште.

## 20.3. Личен професионален развој

Со цел сопствено лично усовршување секој наставник и стручни соработник прави личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции. Врз изработка на тој план влијае личната детекција на сопствените недостатоци во следењето на новините во наставата, извештаите по посетени часови од страна на ДПИ; Директорот и стручната служба. Личниот професионален план е дел од наставничкото портфолио.

## 20.4. Хоризонтално учење

Секој наставник што следел било каква обука надвор од училиштето, реализира десеменициja од истата за останатите наставници или одржува отворени и нагледни часови, со цел практично прикажување на наученото. Исто така на состаноците на стручните активи наставниците дискутираат на тема подобрување на наставата преку лични искуства и стекнати знаења од вклученост во разни проекти, во насока на претворање на истите во заедници за учење.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во училиштето според Законот за основно образование формирана е комисија за напредување во звања: Директор, пом. Директор, педагог, психолог, Мимоза Трајковска, Марина Станковска, претстедател од Совет на родители, член на УО, претставник од Општина Битола и советник од БРО. Оваа комисија би помогнала на секој наставник и стручен соработник што сака да премине во ново звање, што веќе беше пракса со стекнувањето на звањето наставник- ментор.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Како и секоја учебна година **Советот на Родители** (вкупно 47 родители) чиј претседател е Стефан Димовски, ќе биде активно ангажиран во работата на училиштето. Исто така, родителите членови во Училишниот Одбор редовно, како и до сега, ќе присуствуваат на седниците донесувајки на значајни одлуки во работењето на училиштето. Исто така на Состаноците на советот на родители даваат предлози и идеи, кои не ретко се прифаќаат со цел подобрување на воспитно- образовниот процес. Работата на Советот на родители е според програма која следи како анекс на годишната програма.

Секој наставник, според својот распоред определува час за прием на родители, секој одделенски раководител одржува родителски средби според програмата за тоа. Исто така секој последен понеделник во месецот од 18,30 до 19,30 часот се реализираат отворени родителски средби.

Родителите активно учествуваа во приредби, базари, работилници како и во активностите по повод Денот на училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вonнаставните активности

На првиот состанок на Советот на родители на секоја учебна година се презентира Годишната програма и годишниот извештај за работа на училиштето, како и планот со вonнаставни и вонучилишни активности кои училиштето планира да ги организира. Секоја забелешка или несогласување од страна на родителите се анализира со носителот на активноста.

Било на состаноците на совет на родители, родителските средби или индивидуалните средби со родителите наставниците ги презентираат целите на сопствената наставна и програма како и дидактичките помагала кои се потребни за реализација на истата. Бројни се примерите кога родителите со сопствени донации или организација на активности и настани го збогатуваат фондот на нагледни средства и ги подобруваат условите во училиштето.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училишниот психолог на крајот од секое тримесечје одружи советување на родителите чии деца покажале слаб успех или подоглго време од било која причина отсуствувале од настава.

Родителите постојано се дел од работилници, трибини или било какви други организирани активности од страна на училиштето или институции директно поврзани со работата на училиштето и доброто на учениците. И оваа учебна година ќе продолжи релизирањето на т.н. фамилијарни денови.

На ниво на училиште родителите се информираат за активностите преку веб страната на училиштето, но во ова време на е- живеење неретко наставниците формираат групи за комуникација со родителите на социјалните мрежи.

Родителите кои своето дете го запишуваат во прво одделение во нашето училиште добиваат флаер со побитните активности што се реализираат или ќе се реализираат во училиштето, проектите во кои е вклучено и дел од кодексот на однесување на учениците.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Нашето училиште постојано соработува со разни институции, невладини организации, здруженија, и други училишта заради размена на искуства и подобрување на реализацијата на воспитно- образовниот процес во целина. Еве само дел од тие соработки:

- Меѓународна соработка со училиштата што се дел од Караванот на пријателство од сите земји на поранешна СФРЈ,
- Институции од културата: КИЦ, НУБ - Битола, библиотека “Климент Охридски” - Битола, Центар за култура - Битола, Завод Музеј и Галерија и други институции

- Образовни институции: основни училишта, училишта за средно образование, гимназии, Универзитет "Св. Климент Охридски" со сите негови факултети, посебно со Педагошкиот факултет, Центарот за социјални грижи, Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука, Дом за доенчиња- Мајчин дом, и Домот за стари лица.
- НВО-Престиж, НВО-Ревита, НВО-МКЦ, НВО-Биосфера, НВО-ИМКА, НВО Порака Нова, НВО Дајте ни крилја, Здружение за асистивна технологија-Отворете ги прозорците, Британски Совет, АТТЕ Битола, УСАИД-Проекти за основно образование, УНИЦЕФ, Etwinning, МЦГО, Мировен корпус, ГТ Институт
- МКФ и ОУРЦ „Кочо Рацин"-Битола
- Амбасади на Држави,
- Невладини организации
- Центар за јавно здравје
- Спортски клубови
- Професионални здруженија
- Општествено одговорни компании
- Медиуми: локални ТВ станици: ТВ Тера, локални радио станици, весници и списанија и портали (apla.mk,bitolanews.mk и други).

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Реновирање на тоалетите во зградата на матичното училиште | Фотографии, извештај месечно | Јане Србиновски | Директор, Училишен одбор Совет на родители |
| Санација на скалата и промена на дограмата во ПУ с. Буково | Фотографии, извештај полугодишно | Јане Србиновски Ивона Вељаноска | Директор, Училишен одбор Совет на родители |
| Примена на АИ во наставата и зелени училишта | Фотографии, извештај полугодишно | Тим наставници | Директор |
| Прифаќање на соработки со НВО и соодветни институции | Фотографии, извештај полугодишно | Наставници Стручна служба | Директор |
| Подобрување на ИТ структурата во училиштето | Фотографии, извештај полугодишно | Наставници по информатика | Директор |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалвацијата на Годишната програма се прави континуирано, во зависност од времетраењето и динамиката на промените кај одредени активности. Најчесто групата која работи на одредена проблематика изготвува извештај (дополнет со интервјуа од вклучените страни, анкети и фотографии), кој најчесто се доставува до Директорот и стручната служба и по нивна проценка се презентира сработеното, па се продолжува со реализација на програмата за одредената област, додавајќи дополнителни активност со цел поголема ефикасност. Овие извештаи најчесто се изработуваат на секое тримесечје или полугодие.

## 25. Заклучок

Во својата работа училиштето ќе се раководи според донесената Годишна програма за работа на училиштето, во чија изработка се вклучени сите вработени во училиштето, почитувани се нивните барања и приоритети се со цел подобрување на работата на училиштето во целина, почнувајќи од обезбедување на подобри и посигурни услови за учење и работа до што поквалитетна настава за учениците со цел стекнување на трајни знаења.

Заради конкретноста на програмата дел од работите одат во прилози, а потребните програми како анекси на истата.

Исто така ЕМИС системот веќе е променет според распределбата на наставниците за учебната 2025/2026 година, внесени учениците во прво одделение и сменет статусот на учениците кои го завршија основното образование. Според тоа Е-дневникот ќе може да се користи веќе од првиот училишен ден.

Концепцијата за основно образование, продолжува да се имплементира од прво до шесто одделение.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Тим за изработка на Годишната програма на училиштето

- Дијана Христовска (директор)
- Ивона Вељаноска (пом. Директор)
- д-р Златевска Аница (психолог)
- Глигоровска Светлана (педагог)
- м-р Маре С.Мицевска (специјален едукатор и рехабилитатор)
- Трајковска Мимоза (наставник по информатика)

## 27. Користена литература

За изготвување на Годишната програма се користеше:

- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година
- Статут на училиштето
- Развојна програма на училиштето 2024-2028
- Самевалвација на училиштето 2024-2026
- Извештај од интегрална евалвација
- Извештај од финансиско работење на училиштето
- Наставни планови и програми
- Етички кодекс
- Анкети за ученици, родители и наставници
- Прашалници за наставници
- Закон за основно образование
- Концепција за основно образование
- Закон за работни односи
- Деловник за работа на Училишен одбор
- Деловник за работа на Совет на родители

Август, 2025 година

Потпис на директор,

________________________

Дијана Христовска

12.08.2025 година

Битола

Потпис на претседател на Училишен одбор

__________________________

Јованчо Шоповски

м.п.